**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ЛОЗАРСТВО

## - ИЗБОРНА -

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски шехничар***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЛОЗАРСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***лозарсшво - изборна йрограма*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да разликува генеративно и вегетативно размножување на виновата лоза;
- да ги познава агротехничките мерки при производство на лозов посадочен матријал;
- да го објаснува чувањето, пакувањето и транспортот на резници;
- да ја познава намената на објектите и просториите во расадникот;
- да ги објаснува начините на калемење на виновата лоза;
- да го познава производството на лозови калеми;
- да го сфаќа значењето на размножување на виновата лоза in VITRO;
- да развива еколошка свест.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***винарсшво*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија, педологија, агрохемија на винова лоза и земјоделска техника од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ГЕНЕРАТИВНО РАЗМНОЖУВА-ЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА** | **4** | **Ученикот:**<br>- да разликува генеративно од вегетативно размножување на виновата лоза;<br>- да го објаснува генеративното размножување (со семе) на виновата лоза;<br>- да ја познава примената на генеративното размножување во лозарското производство. | - Објаснување за генеративно размножување на виновата лоза;<br>- презентирање примена на генеративно размножување на виновата лоза. | - Лозарство - задолжителна програма |
| **2. ВЕГЕТАТИВНО РАЗМНОЖУВА-ЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА** | **8** | - Да ги набројува начините на вегетативно размножување на виновата лоза;<br>- да ги разликува начините за размножување со положници (обична, стрмноглава, кинеска и со потопување на лозата);<br>- да ги познава начините на размножување со резници (обична резница, резниц со пета, резница со дел од двегодишна лоза и резница со козја нога). | - Објаснување за вегетативно размножу-вање на виновата лоза;<br>- демонстрирање на видови положници: обична, стрмноглава, кинеска и со потопување на лозата;<br>- презентирање на резници: обична, со пета, со дел од двегодишна лоза и резница со козја нога. | - Лозарство - задолжителна програма<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. ЛОЗОВ ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ** | **14** | - Да ја сфаќа важноста на производството на лозов посадочен материјал;<br>- да ја објаснува улогата на центрите за производство на лозов посадочен материјал;<br>- да ја познава намената на матичното лозје (матичникот) при производство на лозов посадочен материјал;<br>- да ги објаснува техниките на поставување потпори на матичникот;<br>- да ги познава агротехничките мерки при одгледување на матичникот: лачење, врзување на ластари, обработка на почвата и берба на здрава резница;<br>- да ја објаснува намената на матичното сортиментско лозје;<br>- да ги објаснува постапките за приготвување на површината и подигање на матично сортиментско лозје;<br>- да ги разликува техниките на селекција (одбирање) на сортивинова лоза за земање на калем-гранки за калемење. | - Објаснување за намената на сортиментско лозје;<br>- демонстрирање начин на приготвивање на површината за подигање на сортиментско лозје;<br>- презентирање на агротехничките меркти при одгледување на матичникот: лачење, врзување на ластари, обработка на почвата и берба на здрава резница;<br>- демонстрирање на техниката на селекција на калем-гранки за калемење;<br>- презентирање на калем гранки од разни сорти на виновата културна лоза<br>- организирање посета на матичник за производство на посадочен материјал. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Земјоделска техника<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. ЧУВАЊЕ, ПАКУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА РЕЗНИЦИ** | **4** | - Да ја сфаќа важноста на правилното чување на резниците;<br>- да ги разликува начините на чување на резниците: класичен начин (со константна температура) и чување во ладилници (со контролирана температура и влажност);<br>- да избира амбалажа за пакување на резниците;<br>- да го одредува начинот на транспорт на резниците. | - Објаснување за важноста на чување, пакување и транспорт на резниците;<br>- презентирање начин на чување, пакување и транспорт на резниците. | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |
| **5. ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ ВО РАСАДНИКОТ** | **6** | - Да ги набројува градежните објекти на расадникот;<br>- да ја познава намената на просториите за: чување, складирање, приготвување и стратификување на лозовиот посадочен материјал;<br>- да ја објаснува намената на базените за киснење на резниците;<br>- да ја опишува просторијата за подготвување на резниците за калемење;<br>- да планира рационално искористување на капацитети на објектите во расадникот. | - Презентирање на градежните објекти во расадникот: за чување, складирање, приготвување и стратификување на лозовиот посадочен материјал;<br>- демонстрирање на функцијата на базените за киснење и на просторијата за подготовка на резниците за калемење;<br>- организрање посета на расадник. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. КАЛЕМЕЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА** | **12** | - Да ја сфаќа важноста на размножувањето на виновата лоза со калемење;<br>- да ги објаснува начините на калемење на зрело: калемење на лозата во цел процеп, калемење во кос процеп и калемење од страна;<br>- да ги објаснува начините на калемење на лозата на зелено (англиско калемење со просто слојување, калемење во процеп седласто и обратно седласто калемење);<br>- да ги објаснува начините на калемење на лозата со окца: калемење на будно окце и калемење на заспано окце. | - Објаснување за начините на калемење кај виновата лоза;<br>- демонстрирање начини на калемење на стално место на зрело: калемење на лозата во цел процеп, калемење во кос процеп и калемење од страна;<br>- демонстрирање начини на калемење на зелено: англиско калемење со просто слојување, калемење во процеп седласто и обратно седласто калемење;<br>- демонстрирање начини на калемење на лозата со окца: калемење на будио окце и на заспано окце. | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |
| **7. ПРОИЗВОДСТВО НА ЛОЗОВИ КАЛЕМИ** | **18** | - Да ја сфаќа важноста на произвотството на лозови калеми;<br>- да разликува рачно и машинско калемење;<br>- да го објаснува | - Демонстрирање на техники на калемење (рачно и машински);<br>- објаснување за постапка со резниците во стратификала; | - Земјоделска техника<br>- Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | стратификувањето на калемените резници;<br>- да го опишува садењето на калемите во коренилиште;<br>- да објаснува за вкоренување на калемите во хранителен раствор-хидропон;<br>- да го познава индустриско производство на калеми;<br>- да објаснува за: вадење, класирање и чување на калемите по завршување на вегетацијата;<br>- да ја познава постапката за пакување и транспорт на калемите. | - објаснување за производство на лозови калеми;<br>- презентирање на постапки со калемите во коренилиште;<br>- презентирање на индустриско производство на калеми;<br>- организирање посета на стопански организации за производство на лозови калеми. | настава |
| **8. РАЗМНОЖУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА in VITRO** | **6** | - Да ја сфаќа важноста на размножување на виновата лоза in VITRO;<br>- да ја објаснува постапката за in VITRO размножување на виновата лоза. | - Објаснување за значењето на размножување на виновата лоза in VITRO;<br>- презентирање на постапка за in VITRO размножување на виновата лоза. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***лозарство - изборна програма*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, поради тоа, во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување, практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***лозарство - изборна програма*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во лозови насади во училишната економија или во акционерски друштва кои се занимаваат со производство, складирање, преработка, пакување и промет на грозје.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, прибор, резници, калеми, посадочен материјал и земјоделска механизација за лозарско производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршењето на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на проекти и други писмени извештаи, концепти и сл.

Оценувањето е јавно (односно на ученикот му се соопштува оценката со образложение што се́ е вреднувано). Оценувањето на учениците се врши согласно со Правилникот за следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средното образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да гиприменува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***лозарство - изборна програма*** ќе го реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (лозаро-овоштарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Бошко Настов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Ристо Милев, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***лозарство - изборна програма*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/10*** од ***21.06.2007*** година.